**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Врз основа на член 31 став (2), точка 37 од Изборниот законик на Република Македонија, („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20), а во врска со примената на член 37 став (2) точка 16, член 147 и член 149 став (1) од Изборниот законик и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **06.03.2020** година донесе:

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРИГОВОРИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со ова Упатство се пропишува начинот и постапката за решавање на приговори поднесени од избирачите согласно член 149 став (1) од Изборниот законик.

(2) Приговор до општинската изборна комисија може да поднесе секој избирач на кого му е повредено личното избирачко право во постапка за спроведување на гласањето.

### Член 2

Доколку поради кои било причини на избирач не му е дозволено да го оствари своето право на глас избирачкиот одбор, на барање на гласачот, ќе пополни Образец за неможност за остварување на гласачкото право, усвоен од страна на ДИК, во два примерока, во кој ќе ги наведе и образложи причините и еден примерок ќе му даде на избирачот.

## II. ФОРМА И СОДРЖИНА ПРИГОВОРОТ

### Член 3

Приговорите се поднесуваат во писмена форма, на пропишан образец од Државната изборна комисија (Образец бр.23а) и содржат:

1. податоци за подносителот на приговорот;
   - име и презиме
   - адреса,
   - број на лична карта или пасош,
   - контакт телефон,
2. Опис на повредата:
   - место на случување на повредата: општина, населено место, избирачко место,
   - време на случување,
   - опис на настанот,
   - доказите
3. електронско сандаче за прием на писмена и телефонски број; и
4. име, презиме и потпис на подносителот на приговорот.

**Член 4**

Со приговорот, подносителот треба да го достави во прилог и образецот за неможност за остварување на гласачкото право, доколку истиот му е издаден од страна на Избирачкиот одбор.

## III. РОКОВИ И ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИГОВОРИ

**Член 5**

Приговорите за заштита на лично избирачко право во постапката за спроведување на гласањето се поднесуваат во рок од 24 часа од случувањето на повредата.

**Член 6**

(1) Приговорот за заштита на лично избирачко право во постапката за спроведување на гласањето се поднесува лично или електронски до ОИК, на пропишан образец.
(2) Доставата на приговори по редовна пошта од став (1) од овој член не е дозволена.
(3) ОИК не може да одбие прием на приговор и прилозите кон истиот.

**Член 7**

Кога избирачот ќе поднесе приговор по електронски пат, во прилог испраќа скенирани копии од потпишаниот приговор, образецот за неможност за остварување на гласачкото право, доколку истиот му е издаден од страна на избирачкиот одбор и останатите прилози кон приговорот.

## IV. ПРИЕМ И УПИС НА ПРИГОВОРОТ

**Член 8**

(1) Приговорот кој е поднесен лично, заедно со сите прилози, најпрво се внесува во електронскиот систем за водење на приговори од каде се генерира архивски број. Генерираниот архивски број се евидентира во Деловодникот на архивата на ОИК, заедно со приговорот и прилозите кон истиот.
(2) Приговорот кој е добиен преку електронска пошта, по внесувањето во електронскиот систем за водење на приговори, се печати и се евидентира со генерираниот архивски број во Деловодникот на архивата на ОИК, заедно со сите прилози.
(3) Приговорот кој е добиен преку електронскиот систем за приговори  се печати и се евидентира со генерираниот архивски број во Деловодникот на архивата на ОИК, заедно со сите прилози.
(4) Надлежното лице во ОИК точно го запишува датумот, часот и минутите на приемот на приговорот како и бројот на прилозите кон приговорот.
(5) Се оформува предмет за приговорот на кој му се доделува генерираниот архивски број. Сите подоцнежни поднесоци, документи и одлуки во врска со предметот се заведуваат под истиот архивски број. Предметот се води под истиот архивски број се до неговото завршување.
(6) Подносителот на приговорот ги добива забележани архивскиот број на приговорот, датумот, часот и времето на поднесување на приговорот, потврдено со приемен печат на ОИК.
(7) Преписката и комуникацијата со подносителите на приговорите се врши по електронска пошта или лично доколку подносителот е присутен во просториите на ОИК.

**Член 9**

(1) Приговорот и прилозите се внесуваат во електронскиот систем за следење на приговори според редоследот на приемот забележан во Деловодникот на ОИК и согласно добиениот архивски број и се оформува електронско досие за предметот.
(2) Листата на прилози се внесува во електронскиот систем за следење на приговори и редовно се ажурира.

**Член 10**

(1) Во електронскиот систем за следење на приговори се регистрираат и се чуваат следниве информации:
   1. архивски број на предметот со прилозите;
   2. точно време и датум кога е примен приговорот во архива;
   3. вид на приговор и како е поднесен (лично, преку електронска пошта);
   4. име, презиме и информации за контакт на подносителот (електронска пошта, телефонски број);
   5. законска основа за поднесување на приговор;
   6. секоја преписка, белешка, допис, комуникација со овластениот подносител на приговорот и со наводниот сторител на повредата;
   7. резиме на суштината на приговорот и членовите од Изборниот законик кои се наводно прекршени.
   8. место каде се случила наводната повреда (изборна единица, општина, избирачко место);
   9. време кога се случила наводната повреда;
   10. наводен сторител/и;
   11. дали се поднесени докази и листа на поднесените докази;
   12. во која фаза се наоѓа постапувањето по приговорот;
   13. записници од јавни седници на кои се разгледувале докази, се постапувало и се одлучувало по предметот;
   14. решението;
   15. тужба;
   16. судски одлуки;

(2) Општинската изборна комисија има своја лозинка за работа во електронскиот систем за следење на приговорите и може да врши промени во електронскиот систем само за предметите кои им се доделени за работа.

## V. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИГОВОРИТЕ

### Рок за постапување по приговорите

**Член 11**

(1) Рокот за одлучување по приговорот почнува да тече од датумот и времето на неговиот прием.
(2) Постапката по приговорите е ИТНА.
(3) ОИК носи одлука во рок од 4 часа од приемот на приговорот од избирач за наводна повреда на неговото лично избирачко право на денот на гласањето (член 149 став (3)).

### Седница за постапување и одлучување по приговорите

**Член 12**

(1) ОИК постапува и одлучува по приговорите на јавна седница.
(2) Претседателот на ОИК го утврдува дневниот ред, ја закажува и ја води седницата на ОИК на која се постапува и се одлучува по приговорите во законскиот рок.
(3) Сите членови на ОИК треба да се навремено известени за дневниот ред на седницата и за датумот и времето на нејзиното одржување.
(4) ОИК постапува и одлучува по приговорите, само доколку е присутно мнозинство од вкупниот број на членови.
(5) Редоследот на постапување и одлучување по приговорите, се врши согласно времето на пристигнување на приговорот, при тоа земајќи ги во предвид законските рокови за постапување по приговорите.
(6) При работата и одлучувањето на ОИК, право да присуствуваат имаат овластените претставници

на подносителот на листи.

(7) Секој член на ОИК има право да земе збор и да дискутира за основаноста или неоснованоста на приговорот.

(8) По затварање на расправата по приговорот се пристапува кон гласање. Членовите на ОИК одлучуваат на начин што ќе се изјаснат со „ЗА“ или „ПРОТИВ" усвојување на приговорот. Не е дозволено изјаснување со „ВОЗДРЖАН" и во случај на такво изјаснување, таквиот глас ќе се смета за изјаснување „ПРОТИВ".

(9) Приговорот се смета за усвоен доколку гласале мнозинството од вкупниот број на членови на ОИК.

(10) ОИК дава образложение на решението по приговорот.

**Постапка за одлучување по приговори кои не ги исполнуваат формалните и процедуралните барања**

**Член 13**

(1) Приговорот се отфрла ако:

- не е поднесен од страна на подносител согласно член 149 став (1) од Изборниот законик, од избирач на кој му е повредено личното избирачко право во постапката на спроведување на гласањето,
- не е навремено поднесен согласно роковите предвидени во членот 149 од Изборниот законик,
- не е уредно поднесен, односно е поднесен по пошта спротивно на член 147 став 4 од Изборниот законик;
- не се однесува на наводна повреда на Изборниот законик на која подносителот има право да приговара;
- не е дозволен;
- е поднесен од неовластен подносител;
- не е потпишан од подносителот на приговорот;

(2) Решението со кое приговорот се отфрла се носи во рок од 4 часа од приемот на приговорот.

**Одлучување по приговорите**

**Член 14**

(1) Општинската изборна комисијата одлучува по приговори врз основа на увид во Избирачкиот список и доказите приложени кон приговорот.

(2) ОИК увидот во Избирачкиот список го врши во соработка со Секторот за избирачки список во Државната изборна комисија, по електронски пат.

(3) Секторот за избирачки список во ДИК веднаш по добивање на барањето од ОИК, а по претходна проверка во Избирачкиот список, на ОИК, по електронски пат му ги доставува основите/причините поради кои избирачот не се наоѓа во Избирачкиот список.

**Подготовка и потпис на решенијата по приговорите**

**Член 15**

(1) Општинската изборна комисија по поднесени приговори одлучува со решение со кое приговорот може да:
- го отфрли;
- го одбие или
- усвои.

(2) Решението содржи:
- вовед,

- диспозитив (изрека),
- образложение,
- правна поука,
- број, датум и време кога е усвоено,
- потпис на претседателот на ОИК и
- печат на ОИК.

**Член 16**

Потпишаното решение се доставува до подносителот на приговорот лично доколку е присутен или на електронската пошта за прием на писмена што ја навел во приговорот.

**Утврдување на повреда на личното избирачко право**

**Член 17**

Ако ОИК утврдил повреда на личното избирачко право во постапката на спроведување на гласањето поради одредено дејствие на избирачкиот одбор, а процесот на гласање е во тек, ОИК по донесување на решението за усвојување на приговорот, ќе преземе дејствија со цел на избирачот да му се овозможи остварување на избирачкото право, а доколку не утврди повреда, ќе донесе соодветна одлука.

**Достава на тужби**

**Член 18**

(1) Секој избирач на кого му е повредено личното избирачко право, против решението на **ОИК** може да поднесе тужба до Управен суд на Република Македонија во рок од 24 часа од приемот на решението (член 149 од ИЗ)
(2) Тужбите за заштита на избирачкото право (подносител или избирачи) се доставуваат до Управен суд преку ОИК.
(3) Тужбите од ставот 1 од овој член се примаат во архивата на ОИК и се заведуваат во Деловодникот под истиот архивски број како и приговорот.
(4) Доставата на тужба по редовна пошта од став (1) од овој член не е дозволена

**Член 19**

(1) ОИК тужбата и списите во предметот ги доставува до Управниот суд, водејќи сметка за кратките рокови предвидени за поднесување.
(2) Управниот суд е должен да постапи по тужбата во рок од 48 часа по нејзиниот прием.
(3) Одлуките на Управниот суд се правосилни и против нив не може да се изјави жалба или друг вид на правна заштита, освен во случаи определени со Изборниот Законик.

**VI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

**Член 20**

Ова Упатство влегува во сила од денот на неговото донесување и се објавува на интернет страната на ДИК.

**Број** 10-782/1
**09.03.2020 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**